**20091302541**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 30 и член 31 од Законот за извршување на Буџет на Република Македонија за 2009 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 166/08), член 7 од Законот за органско земјоделско производство („Службен весник на Република Македонија" бр. 16/04 и 89/08), член 51 од Законот за тутун и тутунски производи („Службен весник на Република Македонија" бр. 24/06 и 88/08), и член 15 од Законот за рибарство и аквакултура („Службен весник на Република Македонија" бр. 7/08), Владата на Република Македонија, на седницата одржана 20.10.2009 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ЗА 2009 ГОДИНА

I

1. Во Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2009 година („Службен весник на Република Македонија" бр.3/09, 23/09, 45/09, 70/09, 84/09, 109/09 и 113/09) во делот II во табелата во потточката 1.7 износот: „153 000 000,00" се заменува со износот: „141 000 000,00".

По потточката 1.18. се додава нова потточка 1.19. која гласи:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1.19. | Финансиска поддршка за произведени и продадени конзумни домати во преработувачки капацитети за производство на доматно пире | Критериум:<br>*- за произведени и продадени домати во период од 10.10 до 05.11.2009 година во преработувачки капацитети за производство на доматно пире*<br>Висина на поддршка:<br>*- 3 ден/кг* | 12 000 000,00 |

2. Во делот VII во табелата во потточката 6.3. износот: „3 000 000,00" се заменува со износот: „1 000 000,00".

Во потточката 6.4. износот: „4 000 000,00" се заменува со износот:„1000 000,00".

По потточката 6.7. се додава нова потточка 6.8. која гласи:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 6.8. | Поддршка на промоција на странски инвестиции во земјоделството | | 5 000 000,00 |

3. Во делот IX во ставот 2 се додава нова реченица која гласи:

„Корисник на финансиските средства од потточката 6.8. е Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за објавување на огласи за привлекување на странски инвестиции во земјоделскиот сектор во Република Македонија."

4. Во делот X став 1, се бришат зборовите: „и добиена механизација по програмата за зголемување на производство на храна во Република Македонија од Јапонската помош и проектите кои произлегуваат од истата."

5. Во делот XI во ставот 3, по бројот „1.15." сврзникот „и" се брише, а по бројот „1.16." се додаваат зборовите „и 1.19."

6. Во делот XII во ставот 10 точката се брише и се додаваат зборовите „а за потточка 6.8. ќе се реализираат со решение и фактура.“

7. Во делот XIII во ставот 1 сврзникот „и“, се заменува со запирка а по бројот „6.6.“ се додаваат зборовите „и 6.8“.

II

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-5194/1
20 октомври 2009 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.